Врз основа на член 10 став (1) од Деловникот за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.232/21), на седница одржана на 25.12.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 01-873/1
26-12-2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА
# КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Овој Кодекс ги уредува етичките принципи и стандарди на однесување и работење на членовите и вработените во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата).

Член 2

Целта на овој Кодекс е воспоставување на добри практики и етички норми, како и стандарди кои ќе го раководат однесувањето и одлучувањето на членовите и вработените при остварување на надлежностите на Комисијата кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа.

Овој Кодекс има за цел промоција на професионалниот интегритет, зачувување на достоинството на Комисијата, членовите и вработените и зајакнување на довербата на јавноста.

## ОПШТИ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ

Член 3

Со овој Кодекс се промовираат следните институционални вредности на Комисијата:

Еднаквост и недискриминација

Член 4

Во остварување на надлежностите членовите и вработените промовираат еднаквост, инклузивност, недискриминација и практикуваат еднаков третман меѓусебно, во односот со другите општествени чинители, стратешките партнери и државните органи.

Независност

Член 5

Комисијата е независен државен орган кој гарантира независност и самостојност во одлучувањето на членовите.

Членот на Комисијата ја извршува својата функција професионално, стручно и самостојно, ослободен од било какви притисоци и влијанија.

Членовите и вработените во работењето постапуваат законито и чесно во корист на јавниот интерес, исклучувајќи ги приватните интереси.

Членовите и вработените се придржуваат до законската, подзаконската регулатива и добрите практики кои се однесуваат на спречување на судирот на интереси.

Во случај на судир на интереси членовите и вработените се иземаат од постапување и одлучување по конкретниот предмет.

Принцип на економичност и ефикасност

Член 6

Ресурсите на Комисијата се користат рационално и ефикасно, исклучиво за службени потреби и целите за кои се наменети.

Членовите и вработените ги користат стварите во сопственост на Комисијата со внимание на добар домаќин.

За постапување со подароците, погодностите и гостопримствата членовите и вработените ги почитуваат позитивните законските одредби и одредбите од подзаконските акти на релевантната регулатива од областа.

Транспарентност и отчетност

Член 7

Комисијата редовно ја известува јавноста за својата работа преку средствата за јавно информирање, веб страницата, брифинзи и прес – конференции со објава на соопштенија и други известувања.

Документите со кои се уредуваат надлежностите и начинот на работа на Комисијата се јавно достапни на веб страницата.

Комисијата прибира и објавува статистички податоци и формира бази на податоци во врска со дискриминација.

За својата работа Комисијата изготвува квартални и годишни извештаи и истите ги обзнанува на јавноста.

Одлуките и општите препораки Комисијата во анонимизиран формат се објавуваат на веб страницата на Комисијата.

Комисијата ги почитува одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Одговорите на Барањата за информавии од јавен карактер, анонимизирани се објавуваат на веб страницата на Комисијата.

Ориентираност кон резултати

Член 8

Поаѓајќи од целите за основање на Комисијата, членовите и вработените ги извршуваат своите обврски и одговорности согласно утврдените надлежности, без фаворизирање, пристрасност или предрасуди, континуирано, со цел остварување на квалитетни резултати.

## ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА

Професионалност

Член 9

Комисијата покажува висока професионалност и посветеност кон вршењето на законсите надлежности.

Членовите и вработените стручно и објективно ги извршуваат работните задачи, со почитување на Уставот, законската регулатива и меѓународните стандарди и практики.

Членовите на Комисијата го негуваат својот професионален интегритет и надвор од службата, избегнувајќи дејствија кои се спротивни на закон или со етичките норми или кои би можеле да бидат причина за нивна или туѓа лична уцена со цел влијание врз неговите одлуки и вршењето на работните задачи.

Одговорност

Член 10

Членовите и вработените доследно, целосно, навремено и квалитетно ги извршуваат своите работни обврски согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Деловникот за работа на Комисијата, Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места и други релевантни акти.

Односи со јавноста

Член 11

Членовите на Комисијата во односите со јавноста се однесуваат професионално и отворено, и ги презентираат официјалните податоци и ставови на Комисијата.

Доколку член на Комисијата презентира лични ставови и мислења, должен е да го напомене тоа, за да се избегне создавање на погрешна перцепција кај јавноста.

Членот на Комисијата во комуникацијата со јавноста обезбедува заштита на јавниот интерес, заштита на личниот углед и угледот на Комисијата.

Одредбите од став 1 и 3 од овој член се однесуваат и на вработените во Комисијата.

Однос со странки

Член 12

Членовите и вработените комуницираат со странките во согласност со внатрешните процедури и правила, на љубезен, учтив и јасен начин, без предрасуди и со должна почит ги советуваат заради остварување на нивните права.

Во комуникација со странки се користат службени средства за работа, како службен мејл и службен телефон, исклучиво во функција на вршење на работата.

Приемот на странки се врши во работното време и во однапред определена службена просторија за прием на странки.

Членовите и вработените не се сретнуваат и комуницираат со странки на Комисијата надвор од работните простории.

По исклучок и со претходно известување, средбата со странки може да се оствари надвор од седиштето на Комисијата, а заради олеснет пристап до услугите на Комисијата и за истото се составува писмена белешка.

Со странки за кои во тек е постапка пред Комисијата не се комуницира во приватно својство.

Во односот со странки се внимава на угледот на Комисијата и колегите.

Постапување при увид

Член 13

Членовите и вработените го вршат увидот во документација и простории согласно Деловникот за работа на Комисијата, зачувувајќи го угледот на Комисијата.

Во текот на увидот се придржуваат до професионалните стандарди, занемарувајќи ги личните интереси и ефективно го трошат времето како ресурс.

По завршување на увидот изготвуваат Записник од извршен увид, во кој објективно и целосно го предочуваат увиденото.

Доверливост

Член 14

Членовите и вработените доследно ги почитуваат стандардите за заштита на лични податоци и внатрешните политики и правила за заштита на личните податоци.

Службените информации добиени при вршење на работните задачи не се пренесуваат на неовластени лица.

Членовите и вработените не оддаваат дополнителни информации за предметите за кои што се води постапка од она што е официјален став на Комисијата, изразен преку средствата за информирање.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Информациите добиени по службена должност не се злоупотребуваат за остварување на лични цели и интереси, ниту за цели и интереси на други лица.

Надградување и усовршување

Член 15

Членовите и вработените заради постигнување на квалитетни резултати постојано ги надградуваат своите професионални вештини, знаења и компетенции во областа во која работат.

Членовите и вработените кои работата на областа дискриминација самостојно и континуирано ги прошируваат знаењата од областа, посетуваат обуки и тренинзи, учествуваат на тематски конференции и ја унапредуваат соработката со сродни тела и организации, тековно ги следат трендовите на дискриминација, позитивната легислатива, праксата на меѓународните тела од областа и меѓународните стандарди.

Колегијален однос

Член 16

Во меѓусебната комуникација членовите и вработените ги почитуваат личните мислења и ги уважуваат стручните ставови во поглед на работните задачи.

Односот со колегите се негува во духот на тимската работа со взаемно почитување, солидарност и соработка.

Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и соработниците, одбегнувајќи непрофесионален и субјективен пристап.

Вработените имаат еднаков пристап до правата, заснован на принцип на заслуги и знаења.

Членовите и раководните лица не бараат од вработените извршување на работни задачи спротивни на закон, како и работни задачи што имаат за цел остварување на лична корист или корист за други лица.

Доколку вработен во Комисијата добие таква работна задача, должен е да ја одбие и да се обрати до назначеното лице за прием на пријави од укажувачи.

Работна средина

Член 17

Членовите и вработените работат во здрава и безбедна работна средина, ослободена од дискриминација и вознемирување врз било кој основ.

Членовите и вработените ги одржуваат уредни просториите во кои работат и уредно ја водат службената документација.

Членовите и вработените за време на вршење на работата и во излагања пред јавноста не се под дејство на алкохол и психотропни супстанци.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примена на Етичкиот кодекс

Член 18

Одредбите од овој Етички кодекс соодветно се однесуваат и на практикантите, волонтерите и надворешните соработници на Комисијата.

Членовите, вработените, практикантите, волонтерите и надворешните соработници на Комисијата се должни доследно да го применуваат овој Кодекс во работењето и однесувањето.

Евалуација над примената на Кодексот спроведува лицето одговорно за спроведување и следење на системот на интегритет за период од една година.

Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс се пријавува согласно правилата на внатрешно пријавување до овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

Доколку за член на Комисија е поднесена пријава за непочитување на одредбите од овој Кодекс, односно нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата, лицето назначено за прием на пријави од укажувачи ја проследува пријавата до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.

Доколку за вработен во Комисијата е поднесена пријава за непочитување на одредбите од овој Кодекс, се постапува согласно одредбите од Законот за административни службеници кои се однесуваат на дисциплинска одговорност на административните службеници.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Член 19

Овој Кодекс влегува во сила осмиот ден од неговото усвојување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Лицето одговорно за спроведување и следење на системот на интегритет ги запознава членовите, вработените, практикантите, волонтерите и надворешните соработници со содржината на овој Кодекс, како и секој новвработен, избран и ангажиран.

Секој од членовите, вработените, практикантите, волонтерите и надворешните соработници на Комисијата потпишуваат Изјава за почитување на Кодексот, која е составен дел од Кодексот.

Претседател на Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Игор Јадровски

Прилог:

- Изјава за почитување на Етичкиот кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

ПРИЛОГ 1

Врз основа на член 19 став 3 од Етичкиот кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја давам следната

## И З Ј А В А

### за почитување на Етичкиот кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Јас (име и презиме) ____________________________ на работно место ____________________________ потврдувам дека сум ги прочитал/а, разбрал/а и дека ќе ги применувам принципите содржани во Етичкиот кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Се обврзувам кон однесување и работење кое придонесува кон градење на доверба во професионалното работење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Потврдувам дека сум запознаен/а со последиците од непочитување на Етичкиот кодекс.

| Датум | Потпис |
| --- | --- |
| ________________ | ________________ |